*Концизни*

48 ЗАКОНИ НА

# МОЌТА

РОБЕРТ ГРИН

ikona

# ПРЕДГОВОР

Немањето моќ врз луѓето и настаните, генерално, ни е неподносливо чувство - кога се чувствуваме немоќно, се чувствуваме мизерно. Никој не посакува помалку моќ, сите сакаат повеќе од неа. Но, од друга страна, во денешно време е опасно да изгледа дека имате преголема глад за моќ, да се биде неприкриен во дејствијата за моќ. Треба да изгледаме фер и пристојно. Значи, треба да сме суптилни - како тоа да ни е вродено, ама и препредени, демократични, но сепак, лукави.

Оваа игра на постојана дволичност, наликува најмногу на динамиката на моќ која постоела во сплеткарскиот свет на стариот аристократски двор. Низ целата историја, дворот секогаш се формирал околу личноста со моќ - крал, кралица, цар, владетел. Дворјаните, кои го сочинувале дворот, биле во исклучително деликатна позиција: требало да им служат на владетелите, но ако тоа изгледало сервилно, доколку ја извршеле задачата премногу очигледно, другите дворјани би забележале и би делувале против нив. Така, обидите да се придобие благонаклоноста на владетелот, морале да бидат суптилни. Сепак, дури и искусните дворјани, способни за таква суптилност, морале да се штитат од другите дворјани, кои во секој момент сплеткареле против нив, за да ги истуркаат настрана.

Меѓутоа, дворот требало да претставува врв на цивилизацијата и префинетоста. На насилните и нескриени дејствија на моќ, се гледало со муртење; дворјаните би работеле тивко и потајно против сите оние меѓу нив, коишто користеле сила. Еве која била дилемата на дворјаните: додека претставувале примери на совршена елеганција, во исто време морале да ги надмудрат и да им попречат на своите противници на најфини можни начини. Успешен дворјанин, со тек на време, научувал сите овие потези да ги прави индиректно; кога би му забил нож во грбот на противникот, тоа би го сторил со кадифена ракавица и со најфина насмевка на лицето. Наместо со примена на насилство, или отворено предавство, перфектниот дворјанин се пробива до замисленото преку заведување, шармирање, измами и суптилни

стратегии, секогаш планирајќи неколку чекори нанапред. Животот на двор претставувал игра која никогаш не завршува и која барала константна будност и тактично размислување. Тоа било цивилизирано војување.

Денес, се соочуваме со чудно сличен парадокс на оној на дворјаните: сè мора да изгледа цивилизирано, пристојно, демократски и фер. Но, ако играме строго според тие правила, ако ги сфатиме буквално, ќе нè смачкаат оние околу нас што не се толку будалести. Како што напишал големиот дипломат и дворјанин од Ренесансата - Николо Макијавели „Секој човек кој се труди да биде добар цело време, е предодреден да пропадне меѓу толкумина кои тоа не се.“

Дворот се замислувал себеси како врв на префинетоста, но под светкавата површина, во еден лонец на мрачни чувства - алчноста, зависта, страста, омразата - вриеле и крчкале. Слично, нашиот свет денес се замислува себеси како најсветла точка на чесноста, иако истите грди емоции сè уште се буричкаат во нас, како што впрочем никогаш и не престанале. Играта е иста. Надворешно, мора да изгледате како да ги почитувате фините, но внатрешно, освен ако сте будала, брзо учите како да бидете претпазливи, и да го правите она што Наполеон го советуваше: преку челичната рака ставете кадифена ракатвица. Доколку, како дворјаните од минатите времиња, можете да ја усовршите вештината на индиректност, ако научите да заведувате, шармирате, мамите и суптилно да маневрирате со своите противници, ќе го достигнете врвот на моќта. Ќе бидете способни да ги натерате луѓето да ѝ се потчинуваат на Вашата волја, без да сфатат што сте им сториле. А ако не сфатат што сте сториле, нема ниту да Ви замерат ниту да Ви се спротивстават.

Сметајте ја *48 Закони на моќта* како еден вид прирачник за вештината на индиректноста. Со учењето на законите од оваа книга, ќе ја разберете моќта и нејзините особености. А со нивната примена во пракса, ќе бидете во состојба да цутите во модерниот свет, изгледајќи дека сте пример на пристојност додека всушност, сте опасен манипулатор.

# ЗАКОН
# 1

## НИКОГАШ НЕ ЗАСЕНУВАЈТЕ ГО ГОСПОДАРОТ

### РАСУДУВАЊЕ

*На оние над Вас, овозможете им секогаш да се чувствуваат удобно супериорни. Во желбата да ги задоволите и импресионирате, не одете предалеку со покажување на Вашите таленти, или може да го постигнете спротивниот ефект - да предизвикате страв и несигурност. Направете Вашите господари да изгледаат побрилијантно отколку што навистина се и ќе се здобиете со врвна моќ.*

## КЛУЧЕВИ ДО МОЌТА

Секој ги носи своите несигурности. Кога се презентирате во светот, и ги покажувате своите способности, природно е да ги разбранувате сите видови на отпор, завист и сите други манифестации на несигурност. Тоа е за очекување. Не можете да го поминете животот грижејќи се за туѓите ситни чувства. Меѓутоа, со оние над Вас, мора да заземете поинаков пристап: кога се работи за моќ, засенувањето на господарот, веројатно е најголема можна грешка.

Не залажувајте се себеси со резонирање дека животот се има многу изменето од времето на Луј 14-ти и од времето на семејството Медичи. Оние кои се здобиле со живот на висока нога, се како кралевите и кралиците: тие сакаат да се чувствуваат сигурни на позициите, а кон оние кои ги окружуваат да бидат супериорни во интелигенцијата, духовитоста и шармот. Вообичаена, но убиствена, е погрешната перцепција при верувањето дека со покажување и расфрлување со дарби и таленти, ја придобивате наклонетоста на господарот. Тој можеби ќе симулира благодарност, но при прва можна прилика, ќе Ве замени со некој помалку интелигентен, понепривлечен, побезопасен.

Овој закон вклучува две правила кои мора да ги сфатите. Прво, можете непоправливо да го засените господарот, едноставно, со Вашето постоење. Постојат господари кои се понесигурни од другите, чудовишно несигурни; нив можете природно да ги засените

со својот шарм и љубезност. Ако баш морате да бидете шармантни, мора да научите да ги избегнувате овие суетни чудовишта, или да изнајдете начин да ги замолчите своите квалитети во нивно присуство.

Второ, никогаш не замислувајте си дека поради тоа што господарот Ве сака, можете да правите што сакате. Цели книги би можеле да се напишат за миленици кои ја изгубиле наклоноста, едноставно, земајќи си го статусот здраво за готово, заради своето осмелување да засенат.

Познавајќи ги опасностите од засенување на претпоставениот, можете овој Закон да го свртите во своја корист. Прво, мора да му ласкате и да му се потпикате на својот господар. Нескриеното ласкање може да биде ефективно, но си има свои граници; премногу директното е и очигледно, и изгледа лошо пред другите дворјани. Дискретното ласкање е многу помоќно. Доколку сте, на пример, попаметни од господарот, преправајте се дека е обратно: нека изгледа како тој да е поинтелигентен. Бидете наивни. Нека изгледа дека Ви е неопходна неговата стручност. Правете безопасни грешки кои на долги патеки нема да Ви наштетат, но ќе Ви овозможат прилика да побарате негова помош. Господарите обожуваат вакви молби. Господар кој не може да Ве дарува со своето искуство, може, во замена, да Ви упати непријателство и злоба.

Ако Вашите идеи се покреативни од оние на господарот, припишете му ги нему, на што е можно појавен начин. Осигурајте се дека е јасно дека Вашиот совет е само ехо

на неговиот.

Доколку, по природа сте подруштвени и подарежливи од својот господар, внимавајте да не бидете облак кој ги попречува неговите изливи кон другите. Тој мора да изгледа како сонце околу кое секој се врти, светлечка сила, брилијантност, центар на вниманието.

Во сите овие случаи, не е слабост да ги прикривате своите сили доколку тие на крајот водат кон моќ. Дозволувајќи им на другите да Ве засенат, останувате во контрола, наместо да бидете жртва на нивните несигурности. Сето ова ќе Ви се најде при рака дента кога ќе одлучите да се издигнете над својата инфериорна положба. Ако можете да направите, во очите на другите господарот да свети уште повеќе, тогаш сте пратени од Бога, и ќе бидете веднаш унапредени.

**Слика: Ѕвезди на небото. Во даден момент може да има само едно сонце. Никогаш не затемнувајте ја сончевата светлина, ниту доведувајте ја во прашање брилијантноста на сонцето, туку подобро стопете се во небото и изнајдете начини да ја засилите светлината на главната ѕвезда.**

**Авторитет: Избегнувајте го засенувањето на главниот. Сета супериорност е одвратна, но супериорноста на поданикот над својот принц не само што е глупава, туку е и погубна. Ова е лекција на која нè учат ѕвездите на небото - тие можеби се во однос со сонцето, и се исто толку брилијантни, но никогаш не се појавуваат во негово присуство.**
**(Балтазар Грасијан, 1601-1658)**